ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ИНСТИТУТ НА ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ НА РМ**

**Бр.** 0302 - 133/01

23.03**.2020 година**

**Ул: 11 Октомври бр.52А/1-3**

**1000 Скопје**

**До:**

**Централен Регистар на Република**

**Северна Македонија**

**Бул. Кузман Јосифоски Питу бр.1**

**1000 Скопје**

**Предмет:** Барање за продолжување на рокови и останати мерки за вршење на ревизорската професија

Почитувани,

Во врска со новонастанатата состојба во нашата држава поврзана со пандемијата на вирусот COVID-19, почитувајќи ги насоките дадени од Владата на Република Северна Македонија, а со цел зачувување на здравјето на граѓаните и оптимално функционирање на економските активности, Ве молиме да ги разгледате следните барања поврзани со вршењето на ревизорската професија:

- Барање за продолжување на рокот за доставување на ревизорските извештаи на друштвата до 30 Септември 2020 година.
- Барање за разгледување на можности за намалување на трошоците за обработка на ревизорските извештаи од страна на Централниот регистар.

Земајќи предвид дека ревизорската професија се базира во значителна мера на теренска работа, а со оглед на ограничувањата на движењето и мерките за претпазливост кои се во сила и ги применуваат сите правни субјекти, вршењето на работите на ревизија кое опфаќа преглед на документацијата во просториите на клиентите се одвива отежнато. Оттаму произлегува итната потреба за донесување на соодветни мерки за ублажување на негативните ефекти кои се очекува да настанат поради овие вонредни околности за работа.

Се надеваме дека Централниот Регистар на Република Северна Македонија ќе излезе во пресрет на нашите барања и ќе може полесно да ја надминеме оваа состојба.

Со почит,

**Претседател на ИОРРМ**
**Драган Димитров**

ИОРРМ
СКОПЈЕ

Ул. 11 Октомври бр. 52А/1-3, 1000 Скопје, Република Македонија
Тел: 02 3227 599 Факс: 02 3296 349 web: http://www.iorrm.org.mk